Записник од состанок на Работните групи за утврдување мерки и активности потребни за воведување на 5G мобилна технологија во РМ и за обезбедување подобра координација на процесот на мапирање на територијата на РМ со постоечки и планирани идни бродбенд електронски комуникациски мрежи, одржан на 19.03.2018

Присутни:
*Димитар Буковалов – МИОА; Дејан Василевски – МИОА; Владимир Соколов – МИОА; Синиша Апостолоски – АЕК; Игор Бојаџиев – АЕК; Сашко Мукаетов – Адриаком; Елизабета Кузманова – АКН; Сузана Ивановска-Киранџиска – АКН; Билјана Ајтарска – АКН; Златко Галевски– АКН; Зоран Хаџибанов – ЈП МРД; Васил Толевски – ЈП МРД; Зоран Стаменковски – ЈПМРД; Јане Јакимовски – АЕК; Душко Сапунџиев – СИЗ МК НЕТ; Драган Чепујноски – ОНЕ.ВИП;; Дејан Влаховиќ – ОНЕ.ВИП; Игор Блажевски – ОНЕ.ВИП; Јовица Јошевски – ОНЕ.ВИП; Арбен Саити – ААВМУ; Васко Најков – МКТ; Лазар Динов – МКТ; Билјана Алчева – МКТ; Слаѓана Стоименова – МКТ; Сашко Стојковски – МКТ; Горан Јорданоски – МКТ; Никола Огненовски – МКТ; Иван Неделковски – ЗЕЛС; Виктор Арнаудоски – ЗЕЛС; Дона Алампиоска – МАСИТ; Љубен Талев – независен консултант; Дејан Костадинов – МВР; Александар Илијевски – НЕТРА; Зоран Асенов – НЕТРА; Анастас Мишев – МАРНЕТ/ФИНКИ; Соња Филипоска – ФИНКИ; Валентин Раковиќ – ФЕИТ; Томи Божиновски – МЕПСО;*

Состанокот го започна Игор Бојаџиев кој образложи дека целта на состанокот е разгледувањето на предлозите доставени од членовите на двете работни групи, од кои најголемиот дел се однесуваат на изградбата на електронски комуникациски мрежи.

Потоа збор зеде Димитар Буковалов, кој имаше кратка презентација на добиените предлози/мерки, при што нагласи дека голем дел од истите се доставени во многу општа форма и дека е потребно истите да се допрецизираат, на пример точно да се наведе кои членови од соодветните закони се предлагаат да се изменат итн. .

На ова се надоврза Слаѓана Стоименова, која информираше дека Македонски Телеком со писмен допис до АЕК, МИОА и МТВ ќе достави конкретни предлози и забелешки и со нивно детално објаснување.

Буковалов се осврна и на Законот за електронските комуникации (ЗЕК), при што ги образложи членовите од ЗЕК кои се однесуваат на: изградбата на електронски комуникациски мрежи, Единствената точка за информации, заедничкото користење на мрежи, заедничко користење на физичка инфраструктура, координација на градба, итн. и нагласи дека ниту еден од доставените предлози не ги има земено во предвид овие законски решенија иако истите треба целосно да се почитуваат и користат во постапката на изградба на бродбенд мрежи.

Беше нагласено, кога ќе се доставуваат следните детални предлози, истите да бидат усогласени со овие членови од ЗЕК. Доколку операторите сметаат дека овие членови на ЗЕК не се прецизни потребно е да достават и предлози за нивна измена или дополна. Во однос на ова, Лазар Динов информираше дека ниедна од институциите надлежни за имплементација на градежната легислатива, во процесот на изградба на бродбенд мрежи не ги зема во предвид ниту пак ги применува овие одредби во ЗЕК. Од присутните се истакна и проблемот за добивање на одобрение за градба, односно дека операторите понекогаш чекаат една година додека надлежните институции им го издадат истото.

На состанокот се утврди, консолидираната табела со предлози да се објави на веб страната на МИОА, и **најкасно до 13 Април, членовите на работните групи да доставаат дополнителни детални предлози**.

Исто така на состанокот бешее заклучено за наредниот состанок да се повикаат и претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.